С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 9 година XLVII

12 јули 2011

109.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за давање согласност на Одлука за отуѓување ствари по пат на продажба на ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за отуѓување ствари по пат на продажба на ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.07.2011 година.

Број 08-4210/1
12.07.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз онова на член126, став 1, алинеа 14 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РМ" бр. 103/08,33/10,156/10 и 18/11), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06,13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлука за отуѓување ствари по пат на продажба на ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“ с. Иванковци

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлука за отуѓување ствари по пат на продажба на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци -Велес број 02-23/1 од 17.06.2011 година, донесена од Училишниот одбор на ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“ с. Иванковци - Велес на седницата одржана на 17.06.2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-4160/3
11.07.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

110.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес

Се објавува Решението за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.07.2011 година.

Број 08-4210/2
12.07.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10), а согласно член 19 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2010 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.09/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 08.07.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес

1.На Костадин Петров од Велес за учество на Светско првенство во велосипедизам, се одобрува еднократен надоместок во висина од 20.000 денари.

2.На Стефан Стојчевски од Велес за учество на Светска математичка олимпијада за ученици од средното образование, се одобрува еднократен надоместок во висина од 25.000 денари.

3.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2011 година, Програма А - Совет на Општина Велес, Потпрограма АО - Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413, потставка 413110 - тековни разерви (разновидни расходи).

4. Се задолжува Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот при Општина Велес да го изврши наведеното решение.

5. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-4160/4
11.07.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

111.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување Елаборат за процена на настанати штети од елементарна непогода-град што ја зафати Општина Велес на 08 јуни 2011 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Елаборат за процена на настанати штети од елементарна непогода-град што ја зафати Општина Велес на 08 јуни 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.07.2011 година.

Број 08-4210/3
12.07.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став 1 од Статаутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2011година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Елаборат за процена на настанати штети од елементарна непогода-град што ја зафати Општина Велес на 08 јуни 2011 година

1.Советот на Општина Велес го усвои Елаборат за процена на настанати штети од елементарна непогода-град што ја зафати Општина Велес на 08 јуни 2011 година.

2. Составен дел на Елаборатот се предлог мерките за отстранување и санирање на последиците од елементарната непогода дадени од Комисијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Велес.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4160/5
11.07.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

112.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување Нацрт-детален урбанистички план за локалитет дел урбана единица 01, дел од урбан блок 06 (помеѓу дел од железничка пруга, дел од станбена улица, дел од ул.„Моша Пијаде“, дел од ул.бр.5 и дел од КП 1327) Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување Нацрт-детален урбанистички план за локалитет дел урбана единица 01, дел од урбан блок 06 (помеѓу дел од железничка пруга, дел од станбена улица, дел од ул.„Моша Пијаде“, дел од ул.бр.5 и дел од КП 1327) Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 08.07.2011 година.

Број 08-4210/4
12.07.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Пречистен текст) („Службен весник на РМ“ број 60/11), и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување Нацрт-детален урбанистички план за локалитет дел од урбана единица 01, дел од урбан блок 06 (помеѓу дел од железничка пруга, дел од станбена улица, дел од ул. „Моша Пијаде“, дел од ул. Бр. 5 и дел од КП 1327) Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт-детален урбанистички план за локалитет дел урбана единица 01, дел од урбан блок 06 (помеѓу дел од железничка пруга, дел од станбена улица, дел од ул. „Моша Пијаде“, дел од ул. Бр. 5 и дел од КП 1327 Општина Велес. По утврдувањето на Нацрт-детален урбанистички план за локалитет дел урбана единица 01, дел од урбан блок 06 (помеѓу дел од железничка пруга, дел од станбена улица, дел од ул. „Моша Пијаде“, дел од ул. Бр. 5 и дел од КП 1327 Општина Велес, Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и не прифатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4160/6
11.07.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

113.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување Нацрт-детален урбанистички план за градежна парцела 24.01 (КП 2039) во локалитет-дел од урбана единица 3, дел од блок 24 (помеѓу дел од пристапната улица,КП 2038/2 - ракометно игралиште на дел од МЖ Скопје-Кочани, односно Скопје-Гевгелија) Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување Нацрт-детален урбанистички план за градежна парцела 24.01 (КП 2039) во локалитет-дел од урбана единица 3 дел од блок 24 (помеѓу дел од пристапната улица, КП 2038/2 – ракометно

игралиште на дел од МЖ Скопје-Кочани, односно Скопје-Гевгелија) Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 08.07.2011 година.

Број 08-4210/5
12.07.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Пречистен текст „Службен весник на РМ“ број 60/11), и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување Нацрт-детален урбанистички план за градежна парцела 24.01 (КП 2039) во локалитет - дел од урбана единица 3, дел од блок 24 (помеѓу дел од пристапната улица, КП 2038/2 - ракометно игралиште и дел од МЖ Скопје - Кочани, односно Скопје - Гевгелија) Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт-детален урбанистички план за градежна парцела 24.01 (КП 2039) во локалитет - дел од урбана единица 3, дел од блок 24 (помеѓу дел од пристапната улица, КП 2038/2 - ракометно игралиште и дел од МЖ Скопје - Кочани, односно Скопје - Гевгелија) Општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт-детален урбанистички план за градежна парцела 24.01 (КП 2039) во локалитет - дел од урбана единица 3, дел од блок 24 (помеѓу дел од пристапната улица, КП 2038/2 - ракометно игралиште и дел од МЖ Скопје-Кочани, односно Скопје - Гевгелија) Општина Велес, Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4160/7
11.07.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

114.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно замјиште во сопственост на Република Македонија на подрчјето на Општина Велес за 2011 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08.07.2011 година.

Број 08-4210/6
12.07.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Закон за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ 5/2002), член 89 од Закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.17/11) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“бр. 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2011 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-4160/8
11.07.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Закон за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" 5/2002), член 89 од Закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ" бр.17/11) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес"бр. 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 08.07.2011 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2011 година

I Вовед

I.I Општ дел

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ" бр.17/2011 од 11.02.2011), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопстеноста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено.

Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

I.II Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Велес, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2011 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на Општина Велес.

Со оваа програма се опфатени следниве локалитети:

1.ДУП Локалитет „Тунел 2“ УЕ12 дел од блок 58 и блок 59.

2.ДУП Локалитет „Касарна“ – опфат 3 УЕ7 блок 42.

3.ДУП изменување и дополнување на централно градско подрачје на Град Велес локалит Б.

4.Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост.

5. Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ1 блок 1 Езеро Младост.

I.III Основи за изработка на Програмата

-Законски основ

Законски основ на Програмата за управување со градежно земјиште се: Закон за локалната самоуправа член 36, став 1 („Сл. Весник на РМ“ 5/2002), член 89 од Закон за градежното земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.17/2011) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. Гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09 и 18/10)

-Основни плански документи

Други документи потребни кои се користени за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

-Студија за економски развој на Општина Велес за плански период од 2005 до 2020 година.

-Локален еколошки акционен план за Општина Велес.

-Стратегија за одржлив развој на Општина Велес „Локална агенда 21“.

-Генерален урбанистички план на Град Велес за плански период од 2003 до 2018 година.

-Урбанистички планови за населените места

-Програма за изработка на урбанистички планови во 2011 година

-Други стратешки документи

I.IV Лица вклучени во изработка на Програмата

Зоран Мецановски дипл. град. инженер - Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Сашко Ристовски м-р по управување со човечки ресурси - Раководител на Одделението за локален економски развој и информатичка технологија.

Елизабета Јовчевска дипл. правник - Советник за нормативно правни работи.

Драган Симоновиќ дипл. правник - Виш соработник за правни работи.

Ѓоре Миров дипл. инженер архитект - Соработник урбанистички планер.

II Цели на Програмата

II.I Општи цели на Програмата

Обезбедување услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

II.II Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

III Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата

III.I Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање.

III.II Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план)

број на градежна парцела	вкупна површина на градежна парцела	намена на земјиштето (основна класа)	намена на земјиштето (опис)	броеви на катастарски парцели во состав на градежната парцела	површина на градба	бруто развиена површина	процента на изграденост	коефициент на искористеност на земјиштето	максимална дозволена висина	катност	Урбанистички план	Населено место
2.49	397	А1	станбени куќи	КП 17950 КО Велес	118	354	29,6	0,89	10.4	П+2	.ДУП Локалитет „Тунел 2“ УЕ12 дел од блок 58 и блок 59.	Велес
4.1	503	А1	станбени куќи	КП 17894 КО Велес	104	313	23,4	0,7	10.4	П+2	.ДУП Локалитет „Тунел 2“ УЕ12 дел од блок 58 и блок 59.	Велес
4.9	427	А1	станбени куќи	КП 17903 КО Велес	113	338	27,2	0,82	10.4	П+2	.ДУП Локалитет „Тунел 2“ УЕ12 дел од блок 58 и блок 59.	Велес
4.13	454	А1	станбени куќи	КП 17907 КО Велес	113	338	27,4	0,82	10.4	П+2	.ДУП Локалитет „Тунел 2“ УЕ12 дел од блок 58 и блок 59.	Велес
9.13	386	А1	станбени куќи	КП 2733 КО Велес	150	450	37,5	0.84	9.0		ДУП изменување и дополнување на централно градско подрачје на Град Велес локалит Б.	Велес
3.2	6074	А2	станбени згради	КП 7180/3 КО Велес	3037	21259	50,0	3,50	21	П+6	.ДУП Локалитет „Касарна“ – опфат 3 УЕ7 блок 42	Велес
3.3	9506	А2	станбени згради	КП 7180/2 КО Велес	4753	33271	50,0	3,50	21	П+6	.ДУП Локалитет „Касарна“ – опфат 3 УЕ7 блок 42	Велес
3.4	3190	А2	станбени згради	КП 7180/4 КО Велес	838	5866	26,3	1,84	21	П+6	.ДУП Локалитет „Касарна“ – опфат 3 УЕ7 блок 42	Велес
1.1	10659	Б5	хотели	КП 108/39 КО Башино Село	4779	19115	44,8	1,79	13,60	П+3	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
1.3	6617	Б5	хотели	КП108/38 и 97/1 КО Башино Село	1461	5845	22,1 0,	0,89	13,60	П+3	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
1.2	4492	Б5	хотели	КП 108/37 КО Башино Село	1541	6163	33,3	1,37	13,60	П+3	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост

1.12	3853	А4	мотели-домови	КП108/48 КО Башино Село	700	2100	18,20	0,55	11,40	П+2	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
1.5	2788	А4	мотели-домови	КП 108/41 КО Башино Село	802	2407	28,80	0,86	11,40	П+2	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
1.8	2278	А4	мотели-домови	КП 108/44 КО Башино Село	999	2997	43,10	1,29	11,40	П+2	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
1.10	1498	А4	мотели-домови	КП 108/46 КО Башино Село	700	2100	46,70	1,40	11,40	П+2	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
1.11	2018	А4	мотели-домови	КП 108/47 КО Башино Село	698	2095	34,60	1,04	11,40	П+2	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
1.4	1497	Б1	трговија	КП108/1, КП108/17, КП97 КО Башино Село	392	1177	26,50	0,79	7,20	П+1	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
2.27	2356	Б1	дневно снабдување	КП 125/2 КО Башино Село	1100	2200	45,80	0,92	7,20	П+1	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
2.28	2214	Б1	дневно снабдување	КП 126/7 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
2.24	13700	А4	камп со шатори	КП 126/4 КО Башино Село	8447	8447	61,70	0,72			Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
2.23	7623	А4	камп со шатори	КП 108/49 КО Башино Село	4714	4714	61,50	0,62			Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
2.25	4737	А4	камп со шатори	КП 125/5 КО Башино Село	2041	2041	43.1	0,43			Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост	Езеро Младост
2.26	11983	А4	камп со шатори	КП 126/6 КО Башино	7689	7689	64,20	0,64			Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено	Езеро Младост
41	5231	Д3	спорт и рекреација	КП 18/48 КО Башино Село							. Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ1 блок 1 Езеро Младост	Езеро Младост

број на градежна парцела	вкупна површина на градежна парцела	намена на земјиштето (основна класа)	намена на земјиштето (опис)	броеви на катастарски парцели во состав на градежната парцела	површина на градба	бруто развиена површина	процента на изграденост	коефициент на искористеност на земјиштето	максимална дозволена висина	катност	Урбанистички план
2.2	712	Б1	рибарски продавници	КП 108/16 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.7	802	Д3	парцели со шанкови	КП 108/19 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.8	1437	Д3	парцели со шанкови	КП 108/20 и КП 793/2 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.10	614	Д3	парцели со шанкови	КП 108/22 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.9	990	Д3	парцели со шанкови	КП 108/21 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.11	287	Б1	шанкови монтажни објекти	КП 108/23 КО Башино Село	100	100	34,8	0,35	4	П	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.12	281	Б1	шанкови монтажни објекти	КП 108/24 КО Башино Село	160	160	57	0,57	4	П	*Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост*

2.13	311	Б1	шанкови монтажни објекти	КП 108/25 КО Башино Село	160	160	51,4	0,51	4	П	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.14	315	Б1	шанкови монтажни објекти	КП 108/26 КО Башино Село	100	100	30,7	0,31	4	П	Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.31	937	Д3	плажа	КП 108/35 и КП 793/2 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.15	1689	Д3	плажа	КП 108/27 КО башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.32	703	Д3	плажа	КП 108/36 и КП 793/2 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.21	3688	Д3	плажа	КП 108/33 и КП 793/2 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.30	1042	Д3	плажа	КП 108/34 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.20	1530	Д3	плажа	КП 108/32 и КП 793/2 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.19	1328	Д3	плажа	КП 108/31 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.18	1844	Д3	плажа	КП 108/30 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.17	831	Д3	плажа	КП 108/29 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро Младост
2.16	1180	Д3	плажа	КП 108/28 КО Башино Село							Изменување и дополнување на урбанистички план за вон населено место УЕ2 блок 1 и блок 2 Езеро

III.II.I. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање
Табела со следните информации:

број на градежна парцела	вкупна површина на градежна парцела	намена на земјиштето (основна класа)	намена на земјиштето (опис)	броеви на катастарски парцели во состав на градежната парцела	површина на градба	бруто развиена површина	процента на изграденост	коефициент на искористеност на земјиштето	максимална дозволена висина	катност	почетна/утврдена цена по метар квадратен	вкупна почетна/утврдена цена
2.49	397	А1	станбени куќи	КП 17950 КО Велес	118	354	29,6	0,89	10.4	П+2	61,00	24.217,00
4.1	503	А1	станбени куќи	КП 17894 КО Велес	104	313	23,4	0,7	10.4	П+2	61,00	30.683,00
4.9	427	А1	станбени куќи	КП 17903 КО Велес	113	338	27,2	0,82	10.4	П+2	61,00	26.047,00
4.13	454	А1	станбени куќи	КП 17907 КО Велес	113	338	27,4	0,82	10.4	П+2	61,00	27.694,00
9.13	386	А1	станбени куќи	КП 2733 КО Велес	150	450	37,5	0.84	9.0		61,00	23.546,00
3.2	6074	А2	станбени згради	КП 7180/3 КО Велес	3037	21259	50,0	3,50	21	П+6	1.400,00	8.503.600,00
3.3	9506	А2	станбени згради	КП 7180/2 КО Велес	4753	33271	50,0	3,50	21	П+6	1.400,00	13.308.400,00
3.4	3190	А2	станбени згради	КП 7180/4 КО Велес	838	5866	26,3	1,84	21	П+6	1.400,00	4.466.000,00
1.1	10659	Б5	хотели	КП 108/39 КО Башино Село	4779	19115	44,8	1,79	13,60	П+3	61,00	650.199,00
1.3	6617	Б5	хотели	КП108/38 и 97/1 КО Башино Село	1461	5845	22,10,	0,89	13,60	П+3	61,00	403.637,00
1.2	4492	Б5	хотели	КП 108/37 КО Башино Село	1541	6163	33,3	1,37	13,60	П+3	61,00	274.012,00
1.12	3853	А4	мотели-домови	КП108/48 КО Башино Село	700	2100	18,20	0,55	11,40	П+2	61,00	235.033,00
1.5	2788	А4	мотели-домови	КП 108/41 КО Башино Село	802	2407	28,80	0,86	11,40	П+2	61,00	170.068,00
1.8	2278	А4	мотели-домови	КП 108/44 КО Башино Село	999	2997	43,10	1,29	11,40	П+2	61,00	138.958,00

1.10	1498	А4	мотели-домови	КП 108/46 КО Башино Село	700	2100	46,70	1,40	11,40	П+2	61,00	91.378,00
1.11	2018	А4	мотели-домови	КП 108/47 КО Башино Село	698	2095	34,60	1,04	11,40	П+2	61,00	123.098,00
1.4	1497	Б1	трговија	КП108/1, КП108/17, КП97 КО Башино Село	392	1177	26,50	0,79	7,20	П+1	800,00	1.197.600,00
2.27	2356	Б1	дневно снабдување	КП 125/2 КО Башино Село	1100	2200	45,80	0,92	7,20	П+1	800,00	1884800,00
2.28	2214	Б1	дневно снабдување	КП 126/7 КО Башино Село							61,00	135.054,00
2.24	13700	А4	камп со шатори	КП 126/4 КО Башино Село	8447	8447	61,70	0,72			61,00	835.700,00
2.23	7623	А4	камп со шатори	КП 108/49 КО Башино Село	4714	4714	61,50	0,62			61,00	465.003,00
2.25	4737	А4	камп со шатори	КП 125/5 КО Башино Село	2041	2041	43.1	0,43			61,00	288.957,00
2.26	11983	А4	камп со шатори	КП 126/6 КО Башино Село	7689	7689	64,20	0,64			61,00	730.963,00
41	5231	Д3	спорт и рекреација	КП 18/48 КО Башино Село							200,00	1.046.200,00
												35.080.847,00

III.II.II Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање

Табела со следните информации:

број на градежна парцела	вкупна површина на градежна парцела	намена на земјиштето (основна класа)	намена на земјиштето (опис)	броеви на катастарски парцели во состав на градежната парцела	површина на градба	бруто развиена површина	процента на изграденост	коефициент на искористеност на земјиштето	максимална дозволена висина	катност	почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина	вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина	времетраење на закупот
2.2	712	Б1	рибарски продавници	КП 108/16 КО Башино Село							10,00	7.120,00	2 години
2.7	802	Д3	парцели со шанкови	КП 108/19 КО Башино Село							10,00	8.020,00	2 години
2.8	1437	Д3	парцели со шанкови	КП 108/20 и КП 793/2 КО Башино Село							10,00	14.370,00	2 години
2.10	614	Д3	парцели со шанкови	КП 108/22 КО Башино Село							10,00	6.140,00	2 години
2.9	990	Д3	парцели со шанкови	КП 108/21 КО Башино Село							10,00	9.990,00	2 години
2.11	287	Б1	шанкови монтажни објекти	КП 108/23 КО Башино Село	100	100	34,8	0,35	4	П	10,00	2.870,00	2 години
2.12	281	Б1	шанкови монтажни објекти	КП 108/24 КО Башино Село	160	160	57	0,57	4	П	10,00	2.810,00	2 години
2.13	311	Б1	шанкови монтажни објекти	КП 108/25 КО Башино Село	160	160	51,4	0,51	4	П	10,00	3.110,00	2 години
2.14	315	Б1	шанкови монтажни објекти	КП 108/26 КО Башино Село	100	100	30,7	0,31	4	П	10,00	3.150,00	2 години
2.31	937	Д3	плажа	КП 108/35 и КП 793/2 КО Башино Село							10,00	9.370,00	2 години
2.15	1689	Д3	плажа	КП 108/27 КО башино Село							10,00	16.890,00	2 години
2.32	703	Д3	плажа	КП 108/36 и КП 793/2 КО Башино Село							10,00	7.030,00	2 години

2.21	3688	Д3	плажа	КП 108/33 и КП 793/2 КО Башино Село							10,00	36.880,00	2 години
2.30	1042	Д3	плажа	КП 108/34 КО Башино Село							10,00	10.420,00	2 години
2.20	1530	Д3	плажа	КП 108/32 и КП 793/2 КО Башино Село							10,00	15.300,00	2 години
2.19	1328	Д3	плажа	КП 108/31 КО Башино Село							10,00	13.280,00	2 години
2.18	1844	Д3	плажа	КП 108/30 КО Башино Село							10,00	18.440,00	2 години
2.17	831	Д3	плажа	КП 108/29 КО Башино Село							10,00	8.310,00	2 години
2.16	1180	Д3	плажа	КП 108/28 КО Башино Село							10,00	11.800,00	2 години
												205300	

IV Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

Во рамките на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2011 година, во позиција 2, предвидени се 250.000 денари од Буџетот на општината за реализација на информативни кампањи за продажба на градежно земјиште.

Врз основа на Програмата (точка 1.4 „Предложен пристап“), за секоја кампања, пристапот се утврдува преку анализа на приоритетите, можностите, целните групи и ефектите што треба да се постигнат со кампањата.

Кампањите се реализираат преку изработка на тв и радио спотови, флаери и соопштенија за јавност (во зависност од целните групи и планираните ефекти).

Во подготовката на кампањите учествува Тимот за управување со квалитет со фокус на одделението одговорно за специфична проблематика. Врз основа на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2011 година, општината работи на подготовка и на Долгорочна стратегија за комуникација со јавноста. Стратегијата се изготвува во соработка со НВО Инфо медиа Скопје.

Во зависност од потребите, темата - градежно земјиште може да биде дел од долгорочната стратегија и општинската администрација е задолжена за имплементација на маркетинг стратегијата.

V Динамика на реализација на Програмата

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во турнуси.

Секој турнус би опфатил објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во состав на одредни населени места, урбани блокови или локалитети. Во последните два квартали од 2011 година ќе се објавуваат градежните парцели опфатени со програмата и тоа во согласност со намената на земјиштето и локалитетот.

Со објавата ќе се пропишуваат/ определуваат следните параметри: висината на депозитот за учество, определување на интернет страницата на која ќе се врши надавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со надавањето.

Лица надлежни за реализацијата на Програмата

-Зоран Мецановски дипл. град. инженер,
-Елизабета Јовчевска дипл. правник,
-Драган Симоновиќ дипл. правник,
-Ѓоре Миров дипл. инженер архитект,
-Оливера Чанева дипл. економист,
-Снежана Дервишова дипл. град. инженер.

VI Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата за предвидените локации за продажба и краткротраен закуп да изнесува 10.000.000.оо денари.

-Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)

Финансиските средства потребни за реализација на Програмате се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште 100.000,оо денари;
- трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште 250.000,оо денари.

VII Преодни и завршни одредби

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4160/8
11.07.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

109	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за давање согласност на Одлука за отуѓување ствари по пат на продажба на ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци** **Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлука за отуѓување ствари по пат на продажба на ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“ с. Иванковци**	**244**
110	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес**	**244**
111	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување Елаборат за процена на настанати штети од елементарна непогода-град што ја зафати Општина Велес на 08 јуни 2011 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување Елаборат за процена на настанати штети од елементарна непогода-град што ја зафати Општина Велес на 08 јуни 2011 година**	
112	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување Нацрт-детален урбанистички план за локалитет дел урбана единица 01, дел од урбан блок 06 (помеѓу дел од железничка пруга, дел од станбена улица, дел од ул.„Моша Пијаде“, дел од ул.бр.5 и дел од КП 1327) Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување Нацрт-детален урбанистички план за локалитет дел од урбана единца 01, дел од урбан блок 06 (помеѓу дел од железничка пруга, дел од станбена улица, дел од ул. „Моша Пијаде“, дел од ул. Бр. 5 и дел од КП 1327 Општина Велес**	**245**
113	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување Нацрт-детален урбанистички план за градежна парцела 24.01 (КП 2039) во локалитет-дел од урбана единица 3, дел од блок 24 (помеѓу дел од пристапната улица,КП 2038/2 - ракометно игралиште на дел од МЖ Скопје-Кочани, односно Скопје-Гевгелија) Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување Нацрт-детален урбанистички план за градежна парцела 24.01 (КП 2039) во локалитет - дел од урбана единица 3, дел од блок 24 (помеѓу дел од пристапната улица, КП 2038/2 - ракометно игралиште и дел од МЖ Скопје - Кочани, односно Скопје - Гевгелија) Општина Велес**	**245**

Бр на акт **Страница**

114	**З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно замјиште во сопственост на Република Македонија на подрчјето на Општина Велес за 2011 година**	**247**
	З А К Л У Ч О К за донесување Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2011 година	
	П Р О Г Р А М А за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Велес за 2011 година	

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00